Бр. 0307-419/21
26.03.2004 год.
СКОПЈЕ

Друштво за угостителство производство и трговија
ХАЦАТ ДОО
Бр. 31/1/04
26.03.2004 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
## за деловно техничка соработка

Склучен на ден 26.03.04 помеѓу следниве договорни страни:

1. ЈЗО Клинички центар Скопје, претставувана од ВД Директорот Проф . Д-р.Тихомир Крцкоски / во натамошниот текст прводоговорна старна / и

2. Друштво за угостителство производство и трговија ХАЦАТ ДОО Скопје, претставувано од управителот Љиљана Аврамоска/ во натамошниот текст втородоговорна страна /

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ:

### Чл.1

Предмет на овој договор е регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со обезбедување и снабдување со исхрана на пациентите и персоналот на прводоговорната страна.

Услугите кои се предмет на овој договор, втородоговорната страна е должна да ги врши согласно со позитивните прописи и параметрите утврдени во прилог 1 на овој договор.Во прилог 1 од овој договор се наведени и организационите единици при прводоговорната страна .

За постигнување на целта од ст.1 на овој член, прводоговорната страна и отстапува на користење на втородоговорната страна објекти со дворни места, возила, опрема и ситен инвентар во употреба, специфицирани во прилог 2 на овој договор , а втородоговорната страна ќе ги вработи на неопределено време со превземање, работници на кои работниот однос им престанал при прводоговорната страна поради економски, технолошки , структурални или слични промени, поименично наведени во прилог 3 од овој договор.

Прилозите 1, 2 и 3 од ст.2 и 3 од овој член, потпишани и заверени од договорните страни, се составни делови на овој договор и се негова неделива целина.

Договорните страни се согласни, во рамките на постоечките капацитети утврдени во прилог 2 и 3 на овој договор, втородоговорната страна да врши производство и дистрибуција на храна за трети лица , но истото не смее да го попречува извршувањето на услугите од ст.1 на овој член, како и поддршка на крводарителите.

### Чл.2

Услугите од чл.1 ст.1 на овој договор, што втородоговорната страна ќе ги врши за потребите на прводоговорната страна , приготвување на храна и нејзина дистрибуција до клиниките и институтите при прводоговорната страна ,ќе се вршат по следниве цени:

- за еден болнички дневен оброк 164,70ден.односно 2,68 евра, без вкалкулиран ддв
- за еден ручек за дежурен персонал 122,33ден.односно1,99евра, без вкалкулиран ддв
- за една вечера за дежурен персонал 77,95ден. Односно 1,27евра без вкалкулиран ддв.

- за додатоци кон болничкиот оброк во вид на готов артикл, во висина на набавната цена, зголемена за 19% и

- за додатоци кон болничкиот оброк кои се приготвуваат, во висина на набавната цена, зголемена за 49%

Под болнички дневен оброк се подразбира доручек,ручек и вечера.

Под додатоци кон болнички оброк се подразбира ужина и други прилози кон болничкиот оброк.

Количеството на оброците од ст.1 на овој член го одредува прводоговорната страна според реалните потреби на истата, а искажани во дневните и дополнителните требувања за храна.

**Чл.3**

За отстапените објектите со дворни места, возилата, опремата и ситниот инвента во употреба, на користење, од прилог 2 на овој договор, втородоговорната страна е должна да и плати месечен надоместок на прводоговорната страна, во износ од 1.700.000,00ден.односно 27.732,90евра,без вкалкулиран ддв.

**Чл.4**

Втородоговорната страна се обврзува на работниците од чл.1 на овој договор да им ги обезбеди следниве права од работен однос:

- работниот однос да не може да им престане поради економски, технолошки, структурални или слични промени при втородоговорната страна за време на важење на овој договор

- истите да бидат распоредени на работни места согласно со стручната подготовка на работниците

- да им исплатува плати не пониски од платате што им ја исплатувала прводоговорната страна во послените три месеци пред нивниот престан на работен однос при истата

- да им исплатува придонеси за здравствено и за пензиско и инвалидско осигуруван според основицата на исплатената плата

- да им исплатува паричен надоместок за хранарина во висина на 25% од просечнат плата исплатена во стопанството во последните три месеци

- да им исплатува паричен надоместок за трошоци за превоз до и од работа на работниците кои живеат подалеку од 2 километри, во висина на цените на автобуските билети на јавното сообраќајно претпријатие

-да им обезбеди потребни средства за заштита при работа

- да им обезбеди и други права од работен однос, согласно со законот и колективниот договор

Втородоговорната страна е должна правата од ст.1 на овој член да ги инкорпорира во поединечните договори за работа на работниците.

Со престанок на овој договор, доколку при втородоговорната страна им престане работниот однос на работниците поради економски, технолошки, структурални или слични промени , втородоговорната страна е должна да му понуди на идниот договарач кој ќе го води деловниот потфат, предмет на овој договор, да ги вработи работниците на неопределено време, а прводоговорната страна е должна да го услови идниот договарач с вработување на работниците на неопределено време.

## РОК НА ВАЖЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Чл.5**

Овој договор се склучува на неопределено време.

Секоја договорна страна има право да го раскине овој договор со отказ кој писме ќе го врачи на спротивната страна, со тоа што отказот не може да се даде пред истек на 4 години од предавањето на објектите и опремата, кои се предмет на овој договор, во владение на втородоговорната страна.

Во рокот од ст.2 на овој член, отказ може да се даде:

- во случај втородоговорната страна да престане да ја врши дејноста која е предмет на овој договор,
- во случај на нарушување на континуитетот во вршење на дејноста, односн ако еден ден не достави храна за пациентите и персоналот на прводоговорната страна ,
- во случај ако втородоговорната страна ја врши дејноста спротивно од договорените параметри за истото, а истото е утврдено од страна на комисија, формирана од двете договорни страни, и
- ако не се обновува банкарската гаранција согласно на член 25 од овој Договор.

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ:

### Права и обврски во врска со вршење на услугите

**Чл.6**

Прводоговорната страна е должна за своите потреби од услугите од чл.1 на овој договор, одредени по квалитет и квантитет, благовремено да ја извести втородоговорнат страна , со доставување на писмени требувања за храна.

Под благовремено, во смисла на ст.1 од овој член се подразбира поднесување на требувања за храна најдоцна до 10,00 часот во тековниот ден, а за потребите за следниот ден.

Одредбата од ст.2 на овој член не се однесува за дополнителни требувања за храна на новопримени пациенти.

Требувањата за храна за викенд деновите, прводоговорната стране е должна да ги достави најдоцна до 10,00часот, секој петок, а за празничните денови, најдоцна до 10,00 часот во последниот работен ден.

Требовањата за храна, помеѓу договорните страни се предаваат по писмен пат.

**Чл.7**

Прводоговорната страна има право на контрола на начинот на вршењето на услугите од чл.1 на овој договор, а од аспект дали се почитуваат позитивните прописи и параметрите утврдени во прилог 1 на овој договор.

Контролата од ст.1 на овој член ја вршат стручни лица одредени од прводоговорната страна.

Ако при контролата се утврдат отстапувања од договорените обврски во поглед на начинот на вршење на услугите, за истото веднаш писмено се известува втородоговорнат страна, со барање утврдените недостатоци да се отстранат во определен рок.

Втородоговорната страна е должна да и овозможи контрола на прводоговорната страна, а во смисла на ст.1 од овој член, како и да постапи по писмените забелешки за

утврдените недостатоци во поглед на вршење на договорените услуги , во определениот рок за тоа.

Втородоговорната страна е должна да формира комисија за квалитативна и квалитативна контрола на прехранбените продукти, а согласно со прилог 1 на овој договор. Во состав на оваа комисија влегува стручното лице од ст.2 на овој член.

Чл.8

Прводоговорната страна е должна да и плати надоместок на втородоговорната страна за извршените услуги, по цени утврдени во чл.2 од овој договор, а во обем според поднесените требувања за храна и фактички извршените услуги.

Плаќањето од ст.1 на овој член се врши по извршените услуга, во рок од 15 дена од доставена фактура.

Фактурирање за извршените услуги се врши два пати месечно и тоа 15-от и 30-от ден во месецот, а според важечкиот среден курс на НБРМ за евро, на денот на фактурирањето.

Чл.9

Втородоговорната страна е должна услугите кои се предмет на овој договор , да ги врши навремено, редовно, континуирано, а во согласност со позитивните прописи и параметрите утврдени во прилог 1 од овој договор.

Под навремено вршење на услуги се подразбира:

- болничкиот појадок да биде дистрибуиран најдоцна до 8,00ч.
- болничкиот ручек да биде дистрибуиран најдоцна до 12.00ч.
- болничката вечера да биде дистрибуирана најдоцна до 17.00ч.
- персоналскиот ручек да биде дистрибуиран најдоцна до 12,00ч.
- персоналската вечера да биде дистрибуирана најдоцна до 17,00ч.
-додатоците кон болничките оброци да бидат дистрибуирани со појадокот, односно со вечерата

Под редовно и континуирано вршење на услугите , се подразбира вршење на услугите во договорените термини, секојдневно, без никаков застој во исхраната на пациентите и персоналот на прводоговорната страна.

Втородоговорната страна е должна да обезбеди континуирано вршење на услугите и во услови на елементарни непогоди, во вонредни услови и во услови на штрајк на работниците вработени при истиот.

Чл.10

Договорните страни се должни примопредавањето на готовата храна да ја вршат писмено, при што се констатираат оброците и додатоците кон оброците по вид и количина, како и инвентарот во кој се предава храната, по вид и количина.

Во име на прводоговорната страна, приемот на храната и инвентарот од ст.1 на овој член ќе го вршат нејзини работници, определени за тоа од страна на директорите на клиниките и институтите при истата.

Прводоговорната страна е должна инвентарот од ст.1 на овој член , со писмено примопредавање да го вратат на втородоговорната страна, во следниве термини:

- инвентар од појадок, најдоцна до 10,00 часот тековниот ден
- инвентарот од ручек, најдоцна до 15,00 часот тековниот ден и
- инвентарот од вечера, најдоцна до 18,30 часот тековниот ден

Во случај на кусок на инвентар, за кој кусок е одговорна прводоговорната страна, истата е должна да изврши натурално или парично надоместување на утврдениот кусок. надоместување на

**Чл.11**

Втородоговорната страна е должна да ги склучи сите договори содржани во при[лог]
1 од овој договор, најдоцна во рок од 1 месец од воведување во владение на објектите и
опремата и за истото веднаш да ја информира прводоговорната страна со доставување
еден примерок од истите.

**Чл.12**

Втородоговорната страна е должна да ја информира прводоговорната страна за
извршен инспекциски надзор, како и да постапи по решенијата донесени од надлежни
инспекциски органи и за истото да ја информира прводоговорната страна, со доставува[ње]
на потребна документација за тоа.

**Права и обврски во врска со отстапените објекти, возила и опрема на користење**

**Чл.13**

Прводоговорната страна е должна најдоцна во рок од 7 дена по потпишувањето н[а]
овој договор и на поединечните договори за работа со работниците од прилог 3 од овој
договор, да ги предаде на користење на втородоговорната страна објектите, дворните
места , возилата, опремата и инвентарот во употреба, што се предмет на овој договор,
како и употребната дозвола за објектите, сообраќајните дозволи за возилата и техничкат[а]
документација и упатства за работа на опремата.

Објектите , возилата и опремата од ст.1 на овој член треба да се предадат во
исправна состојба.

Предавањето на објектите и опремата на користење на втородоговорната страна с[е]
врши комисиски и за истото се составува записник во кој се наведува поименично
предадените предмети по вид и количина, со наведување на инвентарскиот број на истите
и со наведување во каква состојба истите се предадени на користење на втородоговорната
страна.

Комисијата од ст.3 на овој член е составена од претставници од двете договорни
страни.

Во записникот од ст.3 на овој член се констатира и состојбата на бројните
иструменти за електрична енергија, вода, технолошка пареа и се евидентира бројот на
ребрата од грејните тела, а со состојба на денот на примопредавањето.

Во однос на опремата која нема да се предаде во исправна состојба, втородоговор-
ната страна е должна да ги превземе сите потребни дејства за функционално
оспособување на истата, на сметка на прводоговорната страна. За оваа цел договорните
страни ќе формираат заедничка комисија која ќе ја констатира опремата која не е во
исправна состојба , дејствата што треба да се превземат за нејзино оспособување и
потребните финансиски средства за оспособување на истата , а врз основа на добиени
понуди и пресметки за функционално оспособување на опремата. За својата работа
комисијата води записник, кој го потпишуваат двете договорни страни.

Прводоговорната страна е должна да ги осигура објектите и опремата што се
предмет на овој договор, непосредно или преку Фондот за здравствено осигурување на
РМ, кај трговско друштво овластено за вршење на таа дејност.

Прводоговорната стране е должна да и обезбеди на втородоговорната страна
непречен пристап до објектите што се предмет на овој договор.

**Чл.14**

Прводоговорната страна е должна да врши редовна годишна регистрација на техничката исправност на возилата кои се предмет на овој договор.

Втородоговорната страна е должна да и го надомести трошокот на прводоговорната страна за регистрација на техничката исправност на возилата, во реален износ, зголемен за износот на ддв.

**Чл.15**

Втородоговорната страна е должна да обезбеди противпожарна заштита на објектите и опремата што се предмет на овој договор, а прводоговорната страна има право да врши контрола на начинот како се врши противпожарната заштита .

Втородоговорната страна е должна да овозможи спроведување на контролата од став 1 на овој член.

**Чл.16**

Прводоговорната страна е должна редовно и континуирано да ја снабдува втородоговорната страна со довод на електрична енергија, вода, топловодна енергија и технолошка пареа, за функционирање на објектите и опремата што се предмет на овој договор, како и редовно да врши телефонски услуги за потребите на втородоговорната страна.

Прводоговорната страна има обврска да ги одржува во исправна и функционална состојба инсталациите за електрична и топловодна енергија, технолошка пареа, вода и телефонската централа и да ги отстранува сите дефекти на истите што се јавуват до позиции на влез во објектите.

**Чл.17**

Прводоговорната страна има право да врши редовна контрола на состојбата на објектите, дворните места , и опремата и тоа од аспект на зачувување на целовитоста на истите, нивно домаќинско користење и нивна употреба само за дејноста што е предмет на овој договор.

Контролата од ст.1 на овој член ја вршат стручни лица одредени од прводоговорната страна.

За извршување на контролата од ст.1 на овој член, прводоговорната страна има право да учествува и во спроведување на редовните пописи на објектите и опремата што се предмет на овој договор.

Ако при контролата се утврдат отстапување од договорениот начин на користење на објектите, возилата и опремата, што се предмет на овој договор, за истото веднаш писмено се известува втородоговорната страна, со барање утврдените недостатоци да се отстранат во определен рок.

Втородоговорната страна е должна да овозможи контрола во смисла на ст.1 и 3 од овој член, како и да постапи по писмените забелешки од ст.4 на овој договор во определениот рок за тоа.

**Чл.18**

Втородоговорната страна е должна да го плати надоместокот за користење на објектите и опремата, од чл.3 на овој договор, однапред за секој месец, најдоцна до 5-от ден во месецот, а по доставена фактура. Фактурирањето се врши според важечкиот среден курс на НБРМ за еврото на 5-от ден од месецот.

## Чл.19

Вtородоговорната страна е должна објектите, дворните места, возилата и опремата да ги користи:

- за вршење на дејноста што е предмет на овој договор
- согласно со техничката документација за истите
- како добар стопанственик
- да не врши адаптации, преправки и сл. на истата без согласност од прводоговорната страна
- да не инсталира нова опрема без знаење и согласност на прводоговорната страна
- да забрани пушење и внесување и консумирање на алкохол во објектите
- да забрани влез во објектите на лица кои не се вработени, а за лица кои службено престојуваат да обезбеди заштитна облека
- да ја одржува хигиената на објектите и опремата согласно со позитивните прописи и параметрите утврдени во прилог 1 кон овој договор

Втородоговорната стране е должна да склучи договор со овластени трговски друштва за редовно сервисирање и поправка на опремата, која е предмет на овој договор, во свое име и за своја сметка, во рок од еден месец од воведување во владение на истата и за истото веднаш да ја информира прводоговорната страна со доставување на еден примерок од договорот.

Втородоговорната страна е должна во случај на оштетување или уништување на објектите или опремата. или во случај на покажан кусок на опрема да изврши натурална реституција на истите со истородни предмети по квалитет и квантитет, а ако истото не е можно, ќе се изврши парична реституција, во висина на книговодствената вредност на предметот, зголемена за стапката на ревалоризацијата.

По престанок на договорот, втородоговорната страна е должна да ги врати објектите, возилата, опремата и ситниот инвентар во употреба на прводоговорната страна, по вид и количина согласно со записникот за примопредавање на истите, да ги врати во исправна состојба, со вредноста на моментот на предавање на користење на истите, намалена за редовното работење и употреба на истите.

Примопредавањето го врши комисија составена од претставници од договорните страни.

За примопредавањето се составува записник во кој се наведуваат поименично предадените предмети по вид и количина, со наведување на инвентарскиот број на истите и со констатирање на состојбата во која се наоѓаат.

Во записникот од ст.7 на овој член се наведува и состојбата на бројните инструменти за електрична енергија, вода , технолошка пареа и состојба на потрошени телефонски инпулси.

## Чл.20

Втородоговорната страна е должна да и плати надоместок на прводоговорната страна за извршените услуги од чл.16 на овој договор и тоа:

- надоместок за испорачана електрична енергија и вода е во висина на реалните трошоци, утврдени преку мерните инструменти, а зголемени за износот на ддв
- надоместок за испорачана технолошка пареа, во висина од 0,96ден.односно 0,01евро, за еден килограм,без вкалкулиран ддв, а според просечната потрошувачка на инсталираната опрема
- надоместок за испорачана топловодна енергија во висина од 76,00ден.односно 1,23 евро по инсталирано ребро, односно по еквивалент за ребро според инсталирана моќност на други грејни тела ,без вклакулиран ддв

- надоместок за телефонски услуги за интерни импулси изнесува 501,60ден.односно 8,18евра месечно по еден приклучен локал, без вкалкулиран ддв.

- надоместок за телефонски услуги за екстерни импулси е во висина на реалните трошоци, а зголемени за износот на ддв

Надоместоците од ст.1 алинеја 1 и 5 на овој член се плаќаат по извршените услуги, во рок од 15 дена по доставена фактура за истите од страна на прводоговорната страна, а фактурирањето се врши по истек на месецот .

Надоместоците од ст.1 алинеја 2-4 на овој член се плаќаат по извршените услуги, во рок од 15 дена по доставена фактура за истите од страна на прводоговорната страна, а фактурирањето се врши два пати месечно и тоа 15-от и 30-от ден во месецот. Фактурирањето се врши според средниот курс на еврото според НБРМ што важи за деновите на фактурирање.

**Други права и обврски**

**Чл.21**

Втородоговорната страна е должна да обезбеди просторни услови за работа во новиот објектот на болничката кујна на овластените работници да вршат контрола, а во смисла на чл.7 и 17 од овој договор и тоа:

- посебен влез од западната страна на објектот / вториот мал влез на западна фасада/
- две работни простории со постоечката опрема во нив
- ходник
- санитарен чвор

Втородоговорната страна е должна обврската од ст.1 на овој член да ја изврши со денот на прием на објектот на користење.

**Чл.22**

Втородоговорната страна е должна веднаш по предавање на завршната сметка во Централниот регистар на РМ да достави еден примерок до прводоговорната страна.

**Чл.23**

Доколку дојде до организационо преструктуирање при прводоговорната страна во смисла на намалување на бројот на организационите единици при истата, прводоговорната страна е должна да и надомести штета на втородоговорната страна, во случај преструктуираните организациони единици да не ги прифатат одредбите од овој договор.

Висината на штетата од ст.1 на овој член изнесува 70% од месечни просечните надоместоци на услугите што се вршени за преструктуираните организациони единици, во времетраење од 3 месеци. Просечните надоместоци се определуваат врз основа на предходните три месеци пред организационото преструктуирање.

**Чл.24**

Договорните страни се согласни, во случај да дојде до намалување на обемот на вршење на услугите, во квантум од најмалку 15%, споредено со просечното вршење на услугиво предходните 3 месеци, дека се создадени услови за ревидирање на предходно утврдените надоместоци.

Ревидираните надоместоци од став 1 на овој член не можат да бидат повисоки од :

- за еден болнички дневен оброк 167,38 ден., односно 2,73 евра, без вкалкулиран ддв.

- за еден ручек за дежурен персонал 123,33 ден., односно 2,01 евра, без вкалкулир ддв.

- за една вечера за дежурен персонал 78,95 ден., односно 1,28 евра без вкалкулира ддв.

-за доодатоци кон болнички оброк во вид на готов артикал, во висина на набавна цена зголемена за 20% без вкалкулиран ддв.

-за додатоци кон болнички оброк кои се приготвуваат, во висина на набавна цена зголемена за 50% без вкалкулиран ддв,

Ревидираниот надоместок за отстапените објекти,со дворни места, возила, опрема ситен инвентар во употреба, не може да биде понизок од 1.166.666,00 денари, односно 19.034,43 евра, без вкалкулиран ддв.

Чл.25

Втородоговорната стране е должна да обезбеди банкарски гаранции за финансиска сигурност на самиот деловен потфат и тоа:

1. банкарска гаранција во износ од 6.000.000,00ден. со рок на важење на 2 месеци и со обврска по истек на овој рок истата да се обновува континуирано во висина од 1.000.000,00ден. со рок на доспеаност веднаш
2. банкарска гаранција во иснос од 2.000.000,00ден. со активирање по истек на банкарската гаранција од 6.000.000,00ден. од т.1 на овој член, а со обврска за континуирано обновување , со рок на исплата веднаш, а цел на исплата ако се исполнат условите од чл.5 ст.3 и чл.32 од овој договор

Со преставокот на овој Договор, банкарските гаранции од став1 на овој член, прводоговорната страна е во обврска да ги врати на втородоговорната страна, ако истите не се ефектуирани согласно со член 32 од овој Договор.

## РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИТЕ

Чл.26

Договорните страни се согласни сите спорови или спорни прашања што ќе се јават при примена на овој договор да се решаваат по мирен начин.

За решавање на споровите или спорните прашања, договорните страни ќе формираат комисија од 5 члена, од кои по 2 члена именува секоја договорна страна, а претседателот на комисијата е неутрално лице кое го именуваат договорните страни.

Комисијата работи во полн состав, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови.

Одлуките на комисијата се конечни.

Доколку обврзаната страна не постапи по одлуката на комисијата, другата договорна страна своите права ќе ги реализира по судски пат или преку компензација.

Чл.27

Ако спорот помеѓу договорните страни не може да се реши по мирен начин или ако комисијата од чл.26 од овој договор не може да донесе одлука, истиот ќе се реши по судски пат .

## ДОГОВОРНА КАЗНА

Чл.28

Договорните страни се согласни, во случај на неисполнување на обврските од договорот , на другата договорна страна да и плати договорна казна.

Договорната казна за неизвршување на подоленаведените договорни обврски изнесува 30.000,00ден.

1. неблаговремено доставување на требување за храна / чл.6 /
2. неблаговремено дистрибуирање на храна / чл.9 /
3. невоведување во владение на објектите и опремата во утврдениот рок / чл.13 /
4. непостапување согласно со чл.17 ст.5 од овој договор
5. постапување спротивно на чл.25 од овој договор

Договорната казна за неизвршување на подолунаведените договорни обврски изнесува 60.000,00ден.

1. непостапување согласно со чл.7 ст.4 од овој договор
2. неисполнување на обврските од чл.11 на овој договор
3. постапување спротивно на чл.12 од овој договор
4. постапување спротивно на чл.16 од овој договор без оправдани причини
5. постапување спротивно на чл.19 од овој договор

Договорната казна ја утврдува комисијата од чл.26 на овој договор, а по поднесен образложено барање, поткрепено со докази, на една од договорните страни.

Одлуката од ст.4 на овој член е конечна.

Доколку обврзаната страна не постапи по одлуката на комисијата, другата договорна страна своите права ќе ги реализира по судски пат или преку компензација.

## ПРЕСТАНОК НА ДОГОВОРОТ

Чл.29

Овој договор ќе престане да важи:

1. Со отказ од договорните страни
2. Ако така се спогодат договорните страни

Чл.30

Секоја од договорните страни може да го откаже договорот.

Во случај на отказ на договорот , договорната страна е должна за отказот писм да ја извести спротивната страна.

Отказниот рок при отказ на договорот изнесува 4 месеци и истиот тече од дено писмено доставениот отказ од ст.2 н овој член.

Договорот престанува да важи со истек на последниот ден од отказниот рок.

Чл.31

Овој договор ќе престане да важи ако така се спогодат договорните страни.

Во случај на престан на договорот од ст.1 на овој член, договорните страни спогодбено ќе го утврдат денот на престанок на договорот.

Чл.32

Во случај на откажување на договорот со отказен рок, и во случај на член 5 ст овој Договор и ако настапат околностите од чл.5 ст.3,договорните страни се согласн прводоговорната страна има право да бара од Судот , во извршна постапка, да назнач

администратор на деловниот потфат кој е предмет на овој договор, за времетраење н[а] отказниот рок.

Втородоговорната страна е согласна непосредно да се спроведе присилно извршување за именување на администратор и така именуваниот администратор, од страна на Судот, да може да ги извршува овластувањата во однос на деловниот потфат [кој] е предмет на овој договор, односно да го продолжи деловниот потфат во име и за сметк[а на] втородоговорната страна, а кои се содржани во решението на Судит за именување на администратор.

За водењена деловниот потфат администраторот ќе ги активира банкарските гаранции од чл. 25 од овој договор.

Со ст. 1 и 2 од овој член не се исклучува правото на втородоговорната страна да г[о] контролира работењето на администраторот.

Наградата за работата на администраторот е на терет на втородоговорната стра[на] и истата не може да биде повисока од 30.000,00ден.

**Чл.33**

Втородоговорната страна е должна на денот на престанокот на овој договор да ги предаде објектите, дворните места, возилата, опремата и ситниот инвентар во употреба на прводоговорната страна во владение, согласно со чл.19 ст.4-7 од овој договор.

Втородоговорната страна е согласна при престанок на овој договор, по барање на прводоговорната страна да се спроведе присилно извршување преку Суд за нејзино отстранување од објектите, дворните места, просториите и опремата и нивно предавање во владение на прводоговорната страна, доколку втородоговорната страна на денот на престанокот, односно наредниот ден од престанокот на договорот не постапи според одредбите од предховниот став на овој член.

Со престанок на договорот, договорните страни се должни да извршат книговодствено срамнување.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Чл.34**

Договорните страни ќе го парафираат овој договор.

Прводоговорната страна ќе го достави парафираниот договор на согласност на Министерството за здравство на РМ и на Фондот за здравствено осигурување на РМ.

По добиената согласност од ст.2 на овој член, договорните страни ќе го потпишат договорот , во рок од 2 дена.

Овој договор се смета за склучен со денот на неговото потпишување.

Договорната страна што ќе одбие да го потпише овој договор, без оправдани причини, е должна на другата договорна страна да и плати на име договорна казна 1.000.000,00ден.

**Чл.35**

Измени и дополненија на овој договор се вршат со договор за измени и дополнувања на договорот, кој договор исто така подлежи на предходна согласност од Министерството за здравство на РМ и Фондот за здравствено осигурување на РМ.

Чл.36

Со денот на потпишување на овој договор, втородоговорната страна е должна да ги склучи поединечните договорите за работа од чл.4 на овој договор.

Чл.37

Договорните страни се согласни овој договор да подлежи на солемнизација и истиот да има сила на извршен нотарски акт.

Трошоците сврзани со нотарската тарифа и нотарската награда паѓат на товар на двете договорни страни подеднакво.

Чл.38

Овој договор е склучен во 10 (десет) еднакви примероци од кои по три за секоја договорна страна, а по два на останатите потписници на овој договор.

Чл. 39

Овој Договор ќе стапи во сила со денот на неговото потпишување ,а ќе се применува од 01.04.2004 год.

ПРВОДОГОВОРНА СТРАНА

ВТОРОДОГОВОРНА СТРАНА

ПРИЛОГ 1 : Параметри за вршење на дејноста
ПРИЛОГ 2 : Спецификација на објекти,опрема,возила и инвентар
ПРИЛОГ 3 : Список на работници

Друштво за угостителство производство и
ХАЦАТ ДОО
Бр. 1171/1
27.09 2004 г.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

**за измени на Договорот за деловно техничка соработка бр.0307-419/21 односно бр.31/1/04 од 26.3.2004год.**

Склучен на ден. __________________ помеѓу следниве договорни страни:

1. ЈЗО Клинички центар Скопје, претставувана од ВД Директор Проф.Д-р.Тихомир Крцковски / во натамошниот текст прводоговорна страна /и
2. Друштво за угостителство производство и трговија ХАЦАТ ДО Скопје, претставувано од Управителот Љиљана Аврамовска / натамошниот текст вторoдоговорна страна /

Чл.1

Се менува чл.5 од Договорот за деловно техничка соработка и истиот сега гласи:

Чл.5

Овој договор се склучува на неопределено време.

Секоја договорна страна има право да го раскине овој договор со отказ, кој писмено ќе го врачи на спротивната страна, со тоа што отказот не може да се даде пред истек на 4 годин од предавањето на објектите и опремата , во владение на втородоговорната страна, а ко се предмет на овој договор.

Во рокот од ст.2 на овој член,отказ може да се даде:

- во случај втородоговорната страна да престане да ја врши дејноста, која е предмет на овој договор.од денот кога истото е констатирано со одлука на Комисијата од чл.26 ст.2 на овој договор
- во случај на нарушување на континуитетот во вршење на дејноста, односно ако еден ден не достави храна за пациентите и персоналт на прводоговорната страна, од денот кога истото е констатирано со одлука од Комисијата од чл.26 ст,2 на овој договор
- во случај ако врородоговорната страна ја врши дејноста спротивно од договорените параматри за истото, а истото е утврдено со одлука од страна на комисијата од чл.26. ст.2 на овој договор, од денот на донесување на таа одлука, и
- ако не се обновува банкарската гаранција, согласно со чл.25 од овој договор,а истото е утврденосо одлука на Комисијата од чл.26 ст.2 на овој договор, од денот на донесување на таа одлука

Чл.2

Овој договор стапува во сила со денот на неговото потпишување

**ПРВОДОГОВОРНА СТРАНА**

**ВТОРОДОГОВОРНА СТРАНА**

ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
Универзитетски клинички центар-Скопје
Бр. 0307-4813/1
04.06.2007 год.
СКОПЈЕ

Друштво за угостителство производство и трговија
ХАЦАТ ДОО
Бр. 03-190
18.05.2007 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

за измени на Договорот за деловно / техничка соработка бр.0307-419/21 односно 31/1/04 од 26.03.2004г. и Договор за измени бр. 117/1 од 27.09.2004г.

Склучен на ден 18.05.2007год. помеѓу следните договорени страни:

1. ЈЗУ Универзитетски Клинички центар Скопје, преставувана од Директорот Проф. Др. Борче Георгиевски (во натамошниот текст прводоговорена страна) и

2. Друштво за угостителство, производство и трговија ХАЦАТ ДОО Скопје, преставувано од управителот Љиљана Аврамоска (во натамошниот текст втородоговорна страна)

**Член 1**

Се менува член 2 од Договорот за деловно техничка соработка и истиот сега гласи:

**Чл. 2**

Услугите од чл.1 ст.1 на овој договор, што втородоговорената страна ќе ги врши за потребите на прводоговорената страна, приготвување на храна и нејзина дистрибуција до клиниките и институтите при прводоговорената страна, ќе се вршат по следниве цени:

- за еден болнички дневен оброк 198,80 ден. односно 3,23 евра, без вкалкулиран ддв,
- за еден ручек за дежурен персонал 133,63 ден. односно 2,17 евра, без вкалкулиран ддв
- за една вечера за дежурен персонал 89,25 ден. односно 1,45 евра без вкалкулиран ддв
- за додатоци кон болничкиот оброк во вид на готов артикл, во висина на набавната цена, зголемена за 19% и
- за додатоци кон болничкиот оброк кои се приготвуваат, во висина на набавната цена, зголемена за 49%.

61,46

Под болнички дневен оброк се подразбира доручек, ручек и вечера.

Под додатоци кон болнички оброк се подразбира ужина и други прилози кон болничкиот оброк.

Количеството на оброците од ст.1 на овој член го одредува прводоговорената страна, според реалните потреби на истата, а искажани во дневните и дополнителните требувања за храна.

**Член 2**

Исто така поради промени во делот на закуп на објекти, а поради отстапување на објектот "Стара Кујна" се менува и член 3 и сега истиот гласи:

**Чл.3**

За отстапените објекти со дворни места, возила, опремата и ситниот инвентар во употреба, на користење, од прилог 2 на овој договор, втородоговорената страна е должна да и плати месечен надоместок на прводоговорената страна, во износ од 1.400.000,00 ден, односно 22.779,00 евра, без вкалкулиран ддв.

**Член 3**

Исто така во член 24 зборот објекти се менува со зборот објект, што произлегува од напреднаведените измени, а во се друго текстот останува ист.

**Член 4**

Овој договор стапува во сила со денот на неговото потпишување.

ПРВОДОГОВОРНА СТРАНА

ВТОРОДОГОВОРНА СТРАНА

ХАЦАТ ДОО Скопје

Бр. 0304-1134/1 15.04.2009 год. СКОПЈЕ



Бр. 0304-10 15.04.2009 год. СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

за измена и дополнување на Договорот за деловно техничка соработка бр.0307-419/21 и 31/1/04 од 26.03.2004 година, Договор за измени бр.117/1 од 27.09.2004 година, и Договор за измени бр.0307-4813/1 од 04.06.2007 година и 03-190 од 18.05.2007 година

Склучен на ден __________________ помеѓу:

1. **ЈАВНА УСТАНОВА ОД ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВОТО ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЈАВНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ УНИВЕРЗИТЕТСКИ КЛИНИКИ, ЗАВОД И УРГЕНТЕН ЦЕНТАР Скопје**, ул.Водњанска бр.17, застапувана од В.Д. Директорот Шкодране Дарлишта, жиро сметка 200001582035363, ЕДБ 4030007645644, депонент на Стопанска Банка АД Скопје, (во понатамошен текст како ПРВОДОГОВОРНА СТРАНА) од една страна и
2. **ДРУШТВО ЗА УГОСТИТЕЛСТВО, ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА ХАЦАТ ДОО Скопје,** ул. Водњанска бр. 17, застапувана од Управител Љиљана Аврамоска, жиро сметка 300000001809183 ЕДБ 4030003494692, депонент на Комерцијална Банка АД Скопје, (во понатамошен текст како ВТОРОДОГОВОРНА СТРАНА) од друга страна

Член 1

Со овој Договор за измена и дополнување на Договорот за деловно техничка соработка бр. 0307-419/21 и 31/1/04 од 26.03.2004 година, Договор за измени бр. 117/1 од 27.09.2004 година и Договор за измени бр. 0307-4813/1 од 04.06.2007 година и 03-190 од 18.05.2007 година, согласно Одлука на Влада на РМ за основање на Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар - Скопје бр. 19-3433/1 од 08.07.2008 година (Сл. весник на РМ бр. 83/08) и Одлука на Влада на РМ за изменување на Одлуката за основање на Јавната установа бр. 19-4890/1 од 21.09.2008 година (Сл. весник на РМ 127/08), се менува називот на прводоговорната страна и лицето овластено за застапување и гласи:

*ЈАВНА УСТАНОВА ОД ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВОТО ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЈАВНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ УНИВЕРЗИТЕТСКИ КЛИНИКИ, ЗАВОД И УРГЕНТЕН ЦЕНТАР Скопје, ул.Водњанска бр.17, застапувана од В.Д. Директорот Шкодране Дарлишта, жиро сметка 200001582035363, ЕДБ 4030007645644, депонент на Стопанска Банка АД Скопје, во понатамошен текст: прводоговорна страна.*

Член 2

Со овој Договор за измена и дополнување се менува член 2 од Договорот за деловно техничка соработка бр.0307-419/21 и 31/1/04 од 26.03.2004 година, и член 1 од Договорот за измени бр.0307-4813/1 од 04.06.2007 година и 03-190 од 18.05.2007 година и изменетиот член 2 гласи:

*Услугите од член 1 став 1 на овој договор, што втородоговорната страна ќе ги врши за потребите на прводоговорната страна, приготвување на храна и нејзина

дистрибуција до клиниките и институтите при прводоговорната страна, ќе се вршат по следниве цени:

- за еден болнички дневен оброк 238,56 денари односно 3,87 евра, без вкалкулиран ДДВ
- за еден ручек за дежурен персонал 160,36 денари односно 2,60 евра, без вкалкулиран ДДВ
- за една вечера за дежурен персонал 107,10 денари односно 1,74 евра, без вкалкулиран ДДВ
- за додатоци кон болничкиот оброк во вид на готов артикл, во висина на набавната цена, зголемена за 19% и
- за додатоци кон болничкиот оброк кои се приготвуваат, во висина на набавната цена, зголемена за 49%.

Под болнички дневен оброк се подразбира доручек, ручек и вечера.

Под додатоци кон болнички оброк се подразбира ужина и други прилози кон болничкиот оброк.

Количеството на оброците од став 1 на овој член го одредува прводоговорната страна, според реалните потреби на истата, а искажани во дневните и дополнителните требувања за храна.*

Член 3

Со овој Договор за измена и дополнување се менува член 5 од Договорот за деловно техничка соработка бр.0307-419/21 и 31/1/04 од 26.03.2004 година и член 1 од Договорот за измени бр.0307-419/27 од 30.09.2004 година и 117/1 од 27.09.2004 година, со тоа што определениот рок во кој отказ не може да се даде, се продолжува за 4 години, и изменетиот член 5 гласи:

*Овој договор се склучува на неопределено време.

Секоја договорна страна има право да го раскине овој договор со отказ, кој писмено ќе го врачи на спротивната страна, со тоа што отказот не може да се даде пред истек на 4 години од потпишувањето на овој Договор за измена и дополнување.

Во рокот од став 2 на овој член, отказ може да се даде:

- во случај втородоговорната страна да престане да ја врши дејноста која е предмет на овој договор, од денот кога истото е констатирано со одлука на Комисијата од член 26 став 2 на овој договор,
- во случај на нарушување на континуитетот во вршење на дејноста, односно ако еден ден не достави храна за пациентите и персоналот на прводоговорната страна, од денот кога истото е констатирано со одлука на Комисијата од член 26 став 2 на овој договор,
- во случај ако втородоговорната страна ја врши дејноста спротивно од договорените параметри за истото, а истото е утврдено со одлука од страна на комисијата од член 26 став 2 на овој договор, од денот на донесување на таа одлука и
- ако не се обновува банкарската гаранција, согласно член 25 став 2 на овој договор, од денот на донесување на таа одлука.*

Член 4

Со овој Договор за измена и дополнување се брише чл.23 и чл.24 од Договорот за деловна техничка соработка бр.0307-419/21 и 31/1/04 од 26.03.2004 година.

Член 5

Останатите одредби од Договорот за деловно техничка соработка бр.0307-419/21 и 31/1/04 од 26.03.2004 година, Договор за измени бр.0307-419/27 од 30.09.2004 година и бр.117/1 од 27.09.2004 година, и Договор за измени бр.0307-4813/1 од 04.06.2007 година и 03-190 од 18.05.2007 година, остануваат непроменети и Договорот продолжува да важи под истите договорени услови, утврдени во одредбите од цитираниот Договорот за деловно техничка соработка и сите негови натамошни измени.

Член 6

Овој Договор стапува во сила со денот на негово потпишување.

Член 7

Овој Договор е составен во 4 (четири) еднакви примероци од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

Изготвил:
Сам. стручен соработник дипл. правник
Елизабета Николовска

Одобрил:
Раководител на Сектор за општо правни работи, кадрова евиденција и архива
Фикри Алити

**ПРВОДОГОВОРНА СТРАНА**

ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар Скопје
В.Д. Директор
Шкодране Дарлишта

**ВТОРОДОГОВОРНА СТРАНА**

Друштво за угостителство, производство и трговија ХАЦАТ ДОО Скопје
Управител
Љиљана Аврамоска

ХАЦАТ ДОО Скопје